

„Го изложивме најстариот ракопис, фрагмент од 13 век на пергамент, како и она што денес е најретко видено во светот, а тоа е богомилското евангелие. Претставени се и други ретки ракописи, како едно единствено илуминирано со минијатури. Тоа е Бенчевското евангелие со минијатури на евангелистите“, вели д-р Михајло Георгиевски, специјалист за средновековна христијанска литература

Словенските ракописи од Македонија од 13 до 19 век, кои деновиве се изложени и во Националната универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ во Скопје, а беа претставени и во ватиканските музеи и во Белгија, со својата старост, но и содржина и уникатност привлекуваат големо внимание и кај домашната јавност, но и кај странците. Според д-р Михајло Георгиевски, специјалист за средновековна христијанска литература, кој направи избор на изложените ракописи, од кои најголем дел се во сопственост на НУБ, токму нивната старост, содржина, илуминација и сочуваност беа критериум за нивно издвојување од останатите со кои располага Македонија.

„Го изложивме најстариот ракопис, фрагмент од 13 век на пергамент, како и она што денес е најретко видено во светот, а тоа е богомилското евангелие од крајот на 13 и почеток на 14 век. Овој ракопис е единствена книга во светот каде што писателот се потпишал како богомил. Тој кажува дека изборот на патријарсите се врши со поткуп, а тоа покажува дека припаѓал на богомилското движење во Македонија и за тоа оставил единствен документ во светот. Претставени се и други ретки ракописи, како едно единствено во Македонија илуминирано со минијатури. Тоа е Бенчевското евангелие со минијатури на евангелистите. Тие минијатури се врвни уметнички остварувања како Рембрант, што покажува дека уметноста не само во пишувањето, туку и во илуминирањето е на високо ниво“, истакнува Георгиевски. Тој посочува дека сите тие ракописи се добро конзервирани и заштитени и претставуваат богатство не само на Македонија, туку и на светот.



Тоа е цивилизациско остварување и со нив се гордееме како со врвни книжевни дела. Интерес покажаа сите генерации и во Брисел и во Ватикан, бидејќи не знаеја дека во Македонија, која е оспорувана, има илјадагодишна пишана традиција со врвни дела. Претставена е и една книга напишана од прилепски учител кој кажува: „Јас од град

Прилеп, Македонија, 1824 година... и тоа во време кога се оспорува нашиот идентитет и култура. Тоа се документи за нашето постоење, опстојување и име“, додава д-р Георгиевски. Тој посочува дека ракописите се претежно со теолошка содржина, освен еден лекарственик кој покажува како луѓето се лечеле во средниот век и еден писмовник за тоа како се пишувале писма. Останатите се евангелија, псалтири минеји, литургиски зборници што ја покажува високата писменост и култура во Македонија во средниот век. ***(Д.Т.)***

**Дигитализација на книжевното добро**
„Дел од збирките во нашата институција се прогласени за национално добро кое треба, меѓу другото, да биде и дигитализирано. Дел од овие старословенски ракописи, како и дел од ориенталната збирка, ретките книги... веќе се дигитализирани и поставени на веб-страницата на НУБ, но нивната бројка засега се` уште е мала. Токму заради нивната чувствителност ја почнавме нивната дигитализација, за да ги зачуваме оригиналите, а на јавноста да и` овозможиме пристап до дигиталните форми. Сето тоа го правиме според меѓународните стандарди кои ги имаме усвоено и кои ги применуваме, па нашата јавност може да очекува во скоро време да бидат достапни во дигитална форма“, вели Жаклина Ѓалевска, раководител на Секторот за дигитализација во НУБ.

**Чување во услови според светски стандарди**
Од НУБ потенцираат дека ракописите се чуваат во услови според сите светски стандарди.
„Првата фаза од заштитата е непосредната заштита, поточно конзервација и реставрација. Во нашата институција од 1970 година постои лабораторија која работи на заштита на овие материјали, а се заштитуваат ракописи на хартија и на пергамент од целата држава, од сите институции кои поседуваат вакво книжно наследство. Тие во НУБ се чуваат во посебни депоа, со степен на безбедност според сите стандарди, а и при нивното изложување имаме запазено амбиентални услови, температура, влажност и светлина кои се неопходни за ваков вид материјали. Истиот случај е и во депоата каде што се чуваат“, вели м-р Зорица Јаковлевска - Спировска, раководител на Одделот за заштита.

***media.mk***